Влада на Република Северна Македонија
Комисија за организации со статус од јавен интерес

Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Komisioni për organizata me status të interesit publik

Арх. број/ Num. ark.:
Датум/Data:29.06.2022

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА КОМИСИЈАТА ЗА ОРГАНИЗАЦИИ СО СТАТУС ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС ЗА 2021 ГОДИНА

Скопје, јуни 2022 година


Комисија за организации со статус од јавен интерес
Влада на Република Северна Македонија

Komisioni për organizata me status tëinteresitpublik

Булевар „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија

Bul. „Ilinden" nr. 2, Shkup
Republika e Maqedonisë së

www.nvosorabotka.gov.mk
nvosorabotka@gs.gov.mk

## 1. Вовед

Законот за здруженија и фондации („Службен весник на РМ" бр.52/10, 135/11 и 55/16), во Глава XI го дефинира статусот на организациите од јавен интерес при што во член 79 став 1 пропишува дека статусот на организациите од јавен интерес го определува Владата, по предлог на Комисијата за организации со статус од јавен интерес.

Комисијата за организации со статус од јавен интерес е составена од претседател и десет члена од кои по еден претставник од Министерството за финансии, Министерството за образование и наука, Министерството за правда, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за култура, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за локална самоуправа, Министерството за здравство, Агенцијата за млади и спорт, како и двајца претставници од организации регистрирани во согласност со Законот за здруженија и фондации, а избрани по пат на оглас. Мандатот на претседателот и членовите на Комисијата е четири години. Членовите не добиваат финансиски надомест за работата во Комисијата.

Начинот на изборот на Комисијата е пропишан во Правилникот за начинот и критериумите за избор, како и причините за престанок на вршењето на работата на претседателот и членовите на Комисијата за организации со статус од јавен интерес („Службен весник на РМ" бр.142/10).

Комисијата за организации со статус од јавен интерес, согласно членот 80 став 1 од Законот за здруженија и фондации („Службен весник на РМ" бр.52/10, 135/11 и 55/16) е надлежна да: дава предлози за доделување и престанок на статус на организација од јавен интерес; разгледува и дава мислења по деловни и финансиски извештаи за работата на организациите со статус од јавен интерес; предлага поведување прекршочна постапка и го утврдува годишниот извештај за својата работа за претходната година. Годишниот извештај Комисијата го објавува на својата веб страница.

Комисијата за организации со статус од јавен интерес за прв пат е формирана во 2012 година. Постојниот состав на Комисијата е утврден од Владата на Република Северна Македонија со Решение за именување претседател и членови на Комисијата за организации со статус од јавен интерес бр.24-3609/7 од 17.07.2018 година[1] („Службен весник на РМ", бр.137/18), Решението за разрешување и

---

[1] Согласно Решението за именување претседател и членови на Комисијата за организации со статус од јавен интерес („Службен весник на РМ" бр.137/18) Комисијата ја сочинуваат: претседателот Марија Митевска од Министерството за финансии и членовите: Гајур Рамадани од Министерството за локална самоуправа, Оливера Ливриниќ од Министерството за култура, Фламуре Бериша од Министерството за животна средина и просторно планирање, Дејан Д. Николовски од Министерството за здравство, Миљазим Мустафа од Министерството за правда, Лидија Штерјов од Министерството за труд и социјална политика, Јован Гиовски од Агенцијата за млади и спорт, Назухтере Сулејмани од Министерството за образование и наука, проф-д-р. Весна Симовска од ХЕПА, Македонската национална организација за унапредување на здравјето со физичка активност и Илир Идризи од Фондацијата за развој на образование и култура АЛБИЗ.Со Решението за разрешување и назначување член на Комисијата за организации со статус од јавен интерес („Службен весник на РСМ" бр.187/19) разрешен е Миљазим Мустафа, а за член на Комисијата од Министерството за правда е назначена Татјана Васиќ Бозациева. На 30.10.2018 година, Илир Идризи од Фондацијата за развој на образование и култура АЛБИЗ поднесе барање за престанок на вршење на работата во Комисијата за организации со статус од јавен интерес, што беше констатирано од Комисијата на седницата одржана на 12.12.2018 година. Со Решението за разрешување и назначување член на Комисијата за организации со статус од јавен интерес („Службен весник на РСМ" бр.147/21), разрешена е Татјана Васиќ Бозациева, а за член на Комисијата од Министерството за правда е назначен Никола Бабановски.

назначување член на Комисијата за организации со статус од јавен интерес бр.24-6849/1 од 03.09.2019 година („Службен весник на РСМ“ бр.187/19) и Решението за разрешување и назначување член на Комисијата за организации со статус од јавен интерес бр.14-5416/1 од 22.06.2021 година („Службен весник на РСМ“ бр.147/21), а врз основа на добиени номинации од ресорните министерства како и врз основа на пријавите за кандидати од редовите на здруженијата и фондациите, по Оглас за избор на два члена во Комисијата од организации регистрирани согласно Законот за здруженија и фондации, објавен на 29.03.2017 година.

Во текот на своето десетгодишно работење, Комисијата за организации со статус од јавен интерес ги донесе сите потребни акти за успешно извршување на своите надлежности (Деловник за работа на Комисијата за организации со статус од јавен интерес, Образец на Барање за добивање статус на организација од јавен интерес и Листа на потребни документи за добивање статус на организација од јавен интерес), а воедно воспостави и своја веб страница, како посебен дел од веб страницата на Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата www.nvosorabotka.gov.mk.

Согласно член 81 од Законот за здруженија и фондации („Службен весник на РМ“ бр.52/10, 135/11 и 55/16), административно-техничките работи на Комисијата ги врши Генералниот секретаријат на Владата– Одделение за соработка со невладини организации.

## 2. Активности на Комисијата за организации со статус од јавен интерес во 2021 година

Комисијата за организации со статус од јавен интерес во текот на 2021 година одржа три седници. Поради почитување на мерките за заштита од Ковид, седниците се одржани онлајн преку виртуелната платформа „ZOOM“.

На Тринаесеттата седница одржана на ден 05.03.2021 година, Комисијата за организации со статус од јавен интерес го разгледа и едногласно го усвои Извештајот за работа на Комисијата за организации со статус од јавен интерес во 2020 година.

На истата седница, Комисијата за организации со статус од јавен интерес го одложи од разгледување Деловниот и финансискиот извештај за 2019 година, на Здружението Фонд за подобра иднина на Пласница и Преглово – Пласница поради потребата од дополнување на Деловниот извештај кој треба да ги содржи сите потребни податоци согласно Правилникот за образецот за формата и содржината на Деловниот и Финансискиот извештај за здруженијата и фондациите со статус од јавен интерес („Службен весник на РМ“ бр.18/2011), како и поради потребата за корегирање на Финансискиот извештај согласно утврдените забелешки од страна на Министерството за финансии.

На Четиринаесеттата седница на Комисијата за организации со статус од јавен интерес, одржана на 9 јули 2021 година, Комисијата разгледа две барања за добивање статус на организација од јавен интерес поднесени од следните организации и тоа:

-Барање за стекнување статус на организација од јавен интерес на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија Скопје и едногласно констатира дека е потребно од организацијата да се побара да го прецизира барањето во смисла на

член 74 од Законот за здруженија и фондации односно да се дефинира дејноста од јавен интерес на која се однесува барањето, организацијата да достави посебен документ Опис на дејноста од јавен интерес дефинирана во Статутот, Документ – Опис на кадровскиот капацитет, како и да го достави Финансискиот извештај на организацијата.

-Барањето за добивање статус на организација од јавен интерес од Здружението на граѓани за социјален и економски развој „ИН ВИВО" – Скопје. Комисијата констатираше дека организацијата е потребно да достави дополнување на документацијата.

Исто така, Комисијата на наведената седница ги разгледа и Деловните и Финансиските извештаи поднесени од организациите со статус од јавен интерес при што:

- Утврди позитивно мислење по Деловниот и финансискиот извештај за 2019 година, на Здружението Фонд за подобра иднина на Пласница и Преглово – Пласница, со укажување во најкус можен рок да биде ставена во функција веб - страната на здружението и на истата јавно да биде објавен Деловниот и финансискиот извештај за 2019 година, а согласно со членот 87 од Законот за здруженија и фондации („Службен весник на РМ" бр.52/10, 135/11 и 55/16);
- По Деловниот и финансискиот извештај за 2020 година, на Унијата на македонски професионални асоцијации во креативните индустрии „УМПАКИ" Скопје, Комисијата укажа дека согласно членот 86 од Законот за здруженија и фондации („Службен весник на РМ" бр.52/10, 135/11 и 55/16), здружението е потребно да изврши независна годишна ревизија на своето финансиско работење, а од причина што истото има годишен буџет над 20.000 евра, како и да го достави Деловниот извештај за 2019 година, заверен со печат на организацијата.
- По Деловниот и Финансискиот извештај за 2020 година, на Непрофитната организација за стипендирање на студенти и поддршка на научно-истражувачки активности - Фондација „ПЕКСИМ", Комисијата констатира недостаток во делот од извештајот кој се однесува на транспарентност и отчетност, поради што побара извештајот да биде дополнет.

На истата седница, Комисијата укажа на обврската дека согласно член 85 став 1 од Законот за здруженија и фондации („Службен весник на РМ" бр.52/10, 135/11 и 55/16"), организацијата со статус од јавен интерес е должна за својата работа еднаш годишно да поднесе Деловен и финансиски извештај, одобрен од органот определен со статутот, за својата работа до Владата за усвојување, а најдоцна до 30 април во тековната година за претходната година. Според тоа, Здружението Фонд за подобра иднина на Пласница и Преглово – Пласница, потребно е да достави Деловен и финансиски извештај за 2020 година.

Дополнително, Комисијата укажа дека Македонското здружение за заштита и спасување во планина и непристапен терен „АСКЛЕПИЈ" нема доставено Деловен и Финансиски извештај за периодот до престанок на статусот организација со јавен интерес и побара истиот да биде доставен, а согласно со член 89 став 5 од Законот за здруженија и фондации („Службен весник на РМ" бр.52/10, 135/11 и 55/16).

На Петнаесеттата седница на Комисијата за организации со статус од јавен интерес, одржана на 19.11.2021 година, Комисијата го разгледа Барањето за добивање статус на организација од јавен интерес поднесено од Сојузот на

здруженија на пензионери на Македонија Скопје и побара мислење од Министерството за труд и социјална политика, Министерството за култура, Државниот завод за статистика, Агенцијата за млади и спорт и Централниот регистар на Република Северна Македонија, во однос на околноста дали организацијата е регистрирана и врши една од дејностите од јавен интерес кои ги има наведено во барањето и тоа развој на демократијата, граѓанското општество и човековите права, заштита на културното наследство, аматерски спорт, хуманитарна и социјална помош, намалување на сиромаштијата, унапредување на добротворството и волонтерството и доколку врши дали под шифрата 94.99 се опфатени некои од набројаните дејности од јавен интерес кои сојузот ги има наведено во своето барање. Комисијата оцени дека е потребно од Централниот регистар на РСМ да се прибави доказ по службена должност - Тековна состојба на сметки на субјект добиени од регистар на трансаксциски сметки во однос на околноста дали организацијата има или нема блокирана жиро сметка, а согласно со член 75 став 1 алинеја 8 од Законот за здруженија и фондации („Службен весник на РМ" бр.52/10, 135/11 и 55/16).

На истата седница, Комисијата пристапи кон разгледување на Барањето за добивање статус на организација од јавен интерес поднесено од „Песталоззи" Фондација детско село од Троген Швајцарија, Подружница во Скопје. Комисијата констатираше дека барателот е потребно да достави доказ за обезбедување на транспарентност и јавност во работењето, како и да се прибави доказ по службена должност-Тековна состојба на сметки на субјект добиени од регистар на трансаксциски сметки во однос на околноста дали организацијата има или нема блокирана жиро сметка, а согласно со член 75 став 1 алинеја 8 од Законот за здруженија и фондации („Службен весник на РМ" бр.52/10, 135/11 и 55/16).

На наведената седница беше разгледано повторно Барањето за добивање статус на организација од јавен интерес од Здружението на граѓани за социјален и економски развој „ИН ВИВО" -Скопје и беше заклучено да се побара доказ дека организацијата нема блокирана жиро сметка.

На истата седница, Комисијата ги разгледа Деловниот и Финансискиот извештај за 2020 година, на Непрофитната организација за стипендирање на студенти и поддршка на научно-истражувачки активности – Фондација „ПЕКСИМ Скопје" и Деловниот и Финансискиот извештај за 2020 година, на Унијата на македонски професионални асоцијации во креативните индустрии „УМПАКИ"- Скопје за 2020 година, при што едногласно утврди позитивно мислење по истите.

3. **Заклучни согледувања**

Комисијата за организации со статус од јавен интерес ги извршува своите надлежности согласно Законот за здруженија и фондации („Службен весник на РМ" бр.52/10, 135/11 и 55/16) и Деловникот за работа на Комисијата и истата има функционална веб страница, како посебен дел на веб страницата на Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата www.nvosorabotka.gov.mk.

Од првиот состав на Комисијата за организации со статус од јавен интерес од 2012 година до крајот на 2021 година, поднесени се вкупно единаесет барања од здруженија и фондации за добивање статус на организација од јавен интерес, а на

предлог на Комисијата, Владата до 2021 година, донесе пет решенија за добивање статус на организација од јавен интерес (едно решение во 2013 година, три решенија во 2017 година и едно решение во 2019 година), две решенија со кои се одбива барањето за добивање статус на организација од јавен интерес ( и тоа едно во 2012 година и едно во 2018 година), еден заклучок за запирање на постапката (во 2012 година) и едно решение за престанок на статусот на организација од јавен интерес (во 2020 година). Во 2018 година, една од организациите со статус од јавен интерес како правен субјект престана да постои, а со тоа го изгуби и статусот на организација од јавен интерес. Во 2021 година, поднесени се три барања од здруженија и фондации за добивање статус на организација од јавен интерес кои беа разгледани на седниците на Комисијата во 2021 година и 2022 година, од кои за Здружението на граѓани за социјален и економски развој „ИН ВИВО“ – Скопје и „Песталоззи“ Фондација детско село од Троген Швајцарија, Подружница во Скопје, од страна на Комисијата во 2022 година, е поднесен предлог до Владата на Република Северна Македонија за доделување статус на организација од јавен интерес, кој предлог од страна на Владата на РСМ беше усвоен и организациите се стекнаа со статус на организација од јавен интерес, додека за организацијата Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија Скопје, во текот на 2022 година, е поднесен предлог до Владата на Република Северна Македонија за доделување статус на организација од јавен интерес.

Со цел афирмација на работата на Комисијата за организации со статус од јавен интерес, во месец мај 2021 година, претседателката на Комисијата, Марија Митевска имаше презентација на дебатата "Организации од јавен интерес – регионалните и домашните искуства во пресрет на измената на Законот за здруженија и фондации".

На 28.12.2021 година, усвоена е нова Стратегија на Владата на Република Северна Македонија за соработка со и развој на граѓанското општество, со Акциски план 2022-2024, каде во Приоритетна област 1: Нормативна, институционална и финансиска рамка за развој на граѓанското општество, предвидени се измени и дополнувања на Законот за здруженија и фондации во насока на воспоставување функционален модел за стекнување со статус на организација од јавен интерес.


Комисија за организации со статус од јавен интерес
Влада на Република Северна Македонија

Komisioni për organizata me status tëinteresitpublik

Булевар „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија

Bul. „Ilinden“ nr. 2, Shkup
Republika e Maqedonisë së

www.nvosorabotka.gov.mk
nvosorabotka@gs.gov.mk